# ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

во согласност со Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2020/2021 година објавен во „Нова Македонија“ на 25 јуни 2020 година и врз основа на Упатството за реализација на конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2020/2021 година, донесено на седница на Универзитетската конкурсна комисија (арх. бр. 09-674/1 од 8.7.2020 г.)

Кандидатите за прв циклус студии во учебната 2020/2021 година се пријавуваат за упис преку системот за електронско пријавување како дел од системот со студентски сервиси „iKnow“ („iKnow“-системот) и со електронска достава на документи при пријавувањето.

Пред терминот на пријавувањето, во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира за електронско пријавување во „iKnow“-системот, на следната веб-локација: www.upisi.ukim.mk, и да ја пополни електронската пријава.

Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување (образец А1).

Откако кандидатот ќе ги пополни сите прозорци кои се отвораат во „iKnow“-системот, автоматски ќе биде овозможено да се прикачат документите за пријавување (во ПДФ/„.pdf“ или во ЈПГ/„.jpg“ формат).

По пријавувањето во „iKnow“-системот, кандидатот ја испраќа својата пријава преку електронска пошта („email“) и на адресата на е-пошта на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“: upisi-sf@ukim.edu.mk.

Во предмет („Subject“) на електронската пошта, кандидатите го наведуваат бројот што автоматски им го генерирал системот за електронско пријавување.

Во прилог на пријавата, треба да се прикачат (во „Attach File“) скенирани следниве документи (во ПДФ или во ЈПГ формат):

1. пријава за запишување на факултетот (образец А1);
2. електронска пријава (од „iKnow“-системот);
3. изјава за веродостојност и точност на поднесените скенирани документи;
4. изјава дека не е конкурирано на друг универзитет;
5. оригинални свидетелства од сите класови;
6. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование);
7. извод од матичната книга на родените;
8. доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение);
9. потврда за уплата:
   - административна такса во износ од 50,00 денари;
   - 300 денари на трансакциската сметка на факултетот.

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти прикачуваат, освен горенаведените документи, и нотарски заверен образец М1/М2 или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2 од Конкурсот (издадено од ЗУ Студентска поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).

Кандидатите задолжително ќе добијат автоматска потврда дека електронската пошта е примена и дека пријавата е уредно поднесена.

Со објавувањето на конечната ранг-листа, Факултетот на огласната табла и веб-страницата за уписи на нови студенти во учебната 2020/2021 година ќе ги објави роковите во кои кандидатите ќе треба да ги поднесат оригиналните документи и за пријавувањето и за запишувањето, за да се обезбеди поголема заштита и на кандидатите и на вработените на единицата.

Од факултетската конкурсна комисија.